Врз основа на член 23 став (1) точка 4) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година, бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и бр.01-209/1 од 30 јануари 2023 година и член 7 од Правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.228/19 и 294/20) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на Аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија - Република Србија за 2024 година и Аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија - Република Бугарија за 2024 година**

1. Со ова решение се одобруваат Аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Србија за 2024 година кои се состојат од Договор за управување со загушувањата на македонско – српска граница помеѓу АД МЕПСО и ЕМС АД Белград (Agreement on congestion management between AD MEPSO and EMS AD Beograd), вклучувајќи и:

   – Годишни и месечни аукциски правила за доделување на прекуграничните капацитети помеѓу зоните на наддавање на ЕМС АД Белград и АД МЕПСО (Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd (“EMS“) and JSC MEPSO (“MEPSO”) for the year 2024),

   – Дневни аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети помеѓу зоните на наддавање на ЕМС АД Белград и АД МЕПСО за 2024 година (Daily Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd (“EMS”) and AD MEPSO (“MEPSO”) for 2024) и

   – Правила за алокација на прекугранични преносни капацитети во текот на денот помеѓу зоните на наддавање на ЕМС АД Белград (“ЕМС“) и АД МЕПСО (“МЕПСО“) за 2024 (Rules for the Allocation of the Cross Zonal Intraday Capacity between the Bidding Zones of EMS AD Beograd (“EMS“) and AD MEPSO (“MEPSO“) for 2024),

   доставени од Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.

2. Со ова решение се одобруваат Аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Бугарија за 2024 година кои се состојат од Договор помеѓу Електроенергиен Систем Оператор ЕАД и АД МЕПСО (Agreement between Elektroenergien Sistemen Operator EAD and JSC MEPSO), вклучувајќи и:

   - Годишни и месечни аукциски правила за доделување на прекуграничните капацитети помеѓу зоните на наддавање на Електроенергиен Систем Оператор ЕАД и АД МЕПСО за 2024 година (Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of Elektroenergien Sistemen operator EAD (“ESO”) and JSC MEPSO (“MEPSO”) for the year 2024) и

- Дневни правила за доделување на прекугранични преносни капацитети границите на зоните на наддавање на Електроенергиен Систем Оператор ЕАД и АД МЕПСО за 2024 година (Daily Allocation Rules of Cross Zonal Capacities on the border between the Bidding Zones of Elektroenergien Sistemen operator EAD (“ESO”) and JSC MEPSO (“MEPSO”) for 2024),

доставени од Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.

3. Аукциските правила од точка 1 и точка 2 на ова решение се дадени во Прилог кој е составен дел на ова решение.
4. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, текстот на Аукциските правила од точка 1 и 2 од ова решение, да го објави на својата веб страница.
5. Ова решение се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје) постапувајќи согласно член 7 од Правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети на 10 ноември 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави за одобрување текст на Аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Србија за 2024 година и Аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Бугарија за 2024 година, доставени со допис бр. 09-6709 од 10 ноември 2023 година, наш број 12-2361/1 од 10 ноември 2023 година, а согласно Одлука на Управен одбор на АД МЕПО бр.02-6708/4 од 10 ноември 2023 година (во понатамошниот текст: Правила).

Аукциските правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Србија за 2024 година се состојат од Договор за управување со загушувањата на македонско – српска граница помеѓу АД МЕПСО и ЕМС АД Београд (Agreement on congestion management between AD MEPSO and EMS AD Beograd), вклучувајќи и:

– Годишни и месечни аукциски правила за доделување на прекуграничните капацитети помеѓу зоните на наддавање на ЕМС АД Београд и АД МЕПСО (Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd (“EMS“) and JSC MEPSO (“MEPSO”) for the year 2024),
– Дневни аукциски правила за доделување на прекугранични преносни капацитети помеѓу зоните на наддавање на ЕМС АД Београд и АД МЕПСО за 2024 година (Daily

Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd (“EMS”) and AD MEPSO (“MEPSO”) for 2024) и

– Правила за алокација на прекугранични преносни капацитети во текот на денот помеѓу зоните на наддавање на ЕМС АД Београд (“ЕМС“) и АД МЕПСО (“МЕПСО“) за 2024 (Rules for the Allocation of the Cross Zonal Intraday Capacity between the Bidding Zones of EMS AD Beograd (“EMS“) and AD MEPSO (“MEPSO“) for 2024),

Аукциските правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Бугарија за 2024 година се состојат од Договор помеѓу Електроенергиен Систем Оператор ЕАД и АД МЕПСО (Agreement between Elektroenergien Sistemen Operator EAD („ESO“) and JSC MEPSO (“MEPSO”)), вклучувајќи и:

- Годишни и месечни аукциски правила за доделување на прекуграничните капацитети помеѓу зоните на наддавање на Електроенергиен Систем Оператор ЕАД и АД МЕПСО за 2024 година (Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of Elektroenergien Sistemen operator EAD (“ESO”) and JSC MEPSO (“MEPSO”) for the year 2024) и
- Дневни правила за доделување на прекугранични преносни капацитети границите на зоните на наддавање на Електроенергиен Систем Оператор ЕАД и АД МЕПСО за 2024 година (Daily Allocation Rules of Cross Zonal Capacities on the border between the Bidding Zones of Elektroenergien Sistemen operator EAD (“ESO”) and JSC MEPSO (“MEPSO”) for 2024).

Република Северна Македонија со потпишување на Договорот за основање на енергетската заедница, меѓу другото презема обврска и за учество во регионалните иницијативи кои што ќе придонесат за формирање на заеднички пазар на електрична енергија во регионот. Од овие причини, АД МЕПСО Скопје како вршител на енергетската дејност, пренос на електрична енергија, на 31 мај 2016 година го потпиша Договорот за процедурите за учество во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа (Agreement on the procedure for MEPSO accession to CAO SEE). Претходно, овој Договор го потпишаа операторите на преносните системи од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Турција, Црна Гора и Грција. Согласно овој Договор, во земјите чии оператори на преносни системи се потписници на Договорот, при распределбата на прекуграничните преносни капацитети ќе се применуваат Правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа.

Имајќи предвид дека операторот на преносниот систем на Република Бугарија се уште го нема потпишано Договорот за процедурите за учество во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, за границите кои не се опфатени со договорот со SEE CAO, АД МЕПСО Скопје е должен да подготви соодветни Аукциски правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети на соодветната граница.

Во член 7 од Правилата за доделување на прекугранични капацитети е уредено дека за границите кои не се опфатени со договор со регионална канцеларија за координирано доделување на расположивиот прекуграничен преносен капацитет, АД МЕПСО Скопје подготвува соодветни Аукциски правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети, и истите најдоцна до 31 октомври ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика заради одобрување.

Согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-2414/1 од 14 ноември 2023 година, Аукциските правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Србија за 2024 година и Аукциските правила за доделување на прекугранични преносни капацитети на граница Република Северна Македонија – Република Бугарија за 2024 година беа предмет на расправа на подготвителната

седница која се одржа на 17 ноември 2023 година. На подготвителната седница немаше забелешки по аукциските правила од страна на присутните.

На 17 ноември 2023 година се одржа седница на Регулаторната комисија за енергетика на којашто се одобрија предметните правила.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-2361/2**
**17 ноември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**